52788Г



*ЕМИЛ АЛЕКСИЕВ, ДИРЕКТОР НА МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ*

# Секој треба да го обработи својот дел од работата...

Во овој број ви го претставуваме Музејот на современата уметност од Скопје. За работата, проблемите и плановите на музејот разговаравме со Емил Алексиев, директорот на истиот.

**Можете ли да предочите кратка ретроспектива на Музејот на современата уметност од неговите почетоци до денес?**

Музејот на современата уметност е создаден со помош и со поддршка од целиот свет. Идејата за основање ваков музеј беше прифатена од многу значајни музеи и галерии во светот, од истакнати ликовни критичари, музејски стручњаци и реномирани уметници. Како резултат од нивниот ангажман основан е Музејот на современа уметност во 1964 година. Градбата на објектот во којшто е сместен МСУ во 1970 година беше исклучителен архитектонски потфат којшто и денес ги задоволува сите естетски и функционални потреби на еден специјализиран музеј. Меѓународната солидарност овозможи да се формира МСУ и да се создаде неговата збирка од уметнички дела, меѓутоа, основната причина за неговото формирање беше потребата од регионален центар преку кој ќе се врши трансфер на врвните уметнички вредности од светот во овој регион и од овој регион во светот. Ние оваа мисија ја остваруваме програмски веќе четириесет години (1964/2004).

**Неодамна се одбележаа 40 години од постоењето на Вашата институција (1964/2004). Најучтиво би Ве замолиле да ни кажете кои се ѕвездените мигови на МСУ.**

Би било неблагодарно да се издвојуваат одделни проекти од огромната продукција на МСУ во текот на изминатите четириесет години. Повеќе би сакал да зборувам за континуитетот во презентацијата на врвните вредности во уметноста и постојаниот, непрекинат напор за издигање на рамништето на стручната обработка на музејскиот материјал, подготовката на авторски проекти и промоцијата на дела од врвни уметници од земјава и светот.

**Кои се најактуелните проблеми со кои се судирате и ваши усилби за нивно надминување?**

Музејот на современата уметност веќе долго време се соочува со низа проблеми поради влошената физичка кондиција на објектот во којшто е сместен. Оваа состојба го оневозможува поставувањето на трајната поставка на дела од збирката што е наш првостепен приоритет. Сосем е јасно дека овој комплекс на проблеми бара ургентно решавање. Токму поради овие причини изготвено е идејно решение за ревитализација на објектот. Ревитализацијата треба да вклучи не само санација на покривот што прокиснува веќе дваесет години, туку и комплетна санација на објектот и адаптација на делови од галерискиот простор коишто треба да се стават во функција на идната трајна поставка на дела од збирката што ја поседуваме, без да се наруши постојната архитектонска структура и со максимално почитување на постојните стилски карактеристики на објектот.

**Нешто околу вашата иницијатива за реставрација на Музејот на современата уметност во соработка со Имплементирачката агенција на Европската комисија за развој?**

Проектот за ревитализација го работиме во соработка со Имплементирачката агенција (ИМГ) при Европската канцеларија за развој, за чие разбирање и поддршка искрено сум благодарен. Ова е особено значајно, имајќи предвид дека МСУ е и формиран врз основа на меѓународни донации и е симбол на меѓународната солидарност. За реализацијата на овој проект вложуваме огромни напори, и јас искрено се надевам дека, со помош на



Министерството за култура и меѓународната заедница, сето ова наскоро ќе биде стварност. Тоа им го должиме на нашата земја и на светот.

**Каква е соработката на вашата институција со Министерството за култура?**

Со Министерството за култура имаме коректен и професионален однос. Имајќи ја предвид анализата на програмските активности што ги финансира Министерството и анализата на вкупните финансиски средства што ги добиваме, евидентен е позитивниот тренд во однос на нашите побарувања.

**Улогата, местото и значењето на вашата институција во рамките на општото културно богатство на нашата земја?**

Музејот на современата уметност според својот капацитет, начинот на формирање, според вредноста и обемот на збирката на уметнички дела и според резултатите и достигањата во својата дејност, денес е најпознатата македонска музејска установа во светот. Музејот организира огромен број значајни изложби со дела на уметници од земјата и од странство, а кои се често реализирани во соработка со низа други европски и воневропски музеи и галерии, и издава огромен број разновидни публикации. Од основањето до денес дејствувањето на Музејот е сообразено со модерната музеологија. Тоа е искажано преку активното вклучување во развојот на визуелната култура на македонската средина и поддршката на авангардните процеси во ликовната уметност.

**Можете ли да ни дадете конкретни бројки и податоци за фондот на дела со кои располага МСУ?**

Музејот на современата уметност поседува специфична колекција од уметнички дела чиј обем и содржина ги надминуваат националните рамки. Музејот денес поседува меѓународна колекција на уметнички дела единствена од овој вид и обем во цела Југоисточна Европа. Меѓународната колекција се состои од над 3.000 дела од 60 земји од светот и во неа се застапени најголемите уметници во 20. век. Од своја страна, националната колекција на музејот, со над 1.600 дела на современи македонски уметници, е најголема и најрепрезентативна од овој вид во Македонија. Вкупниот број на уметнички дела кои ги поседува МСУ е 4.860 дела од 1760 автори од 61 земја. Збирката од уметнички дела, создадена во текот на изминатите децении, непрекинато се зголемува.

**Имаме впечаток дека музеите во нашата држава не се доволно посетени. Дали се сложувате со оваа констатација?**

Минатата година МСУ го посетија 12.107 посетители. Несомнено е дека публиката се враќа во Музејот, меѓутоа тоа не значи дека сме задоволни. МСУ има огромни можности, но поради дадените услови ние не сме во состојба да работиме со полн капацитет.

**Дали постојат иницијативи за обновување на некогашните групни (училишни и други) посети на нашите музеи?**

Музејот е една од ретките институции во Македонија која има развиена едукативна програма и конкретна едукативна дејност која дава резултати. Во музејот редовно се организираат посети од училиштата и факултетите, како од градот Скопје, така и од целата земја.

**Дали сметате дека странските туристи кои го посетуваат главниот град на нашата земја доволно се упатени во историските и културните вредности кои се чуваат во нашите музеи?**

Музејот развива голема публицистичка дејност: издава разновиден стручноинформативен материјал; повеќе стотици каталози, на македонски и други јазици, на самостојни, групни, тематски, едукативни или други изложби; објави монографија за своето дејствување; публикација за својата колекција (со што е сè уште единствена музејска институција во земјава); монографии на истакнати македонски уметници итн; го издава специјализираното списание за ликовна уметност Големото стакло, засега единствено во Македонија (на македонски и англиски јазик). Оваа година промовиравме и ЦД за Музејот (со што е сè уште единствена музејска институција во земјава) со избор од 115 врвни дела од колекцијата, а во подготовка е и нов сајт за музејот. Секој треба да го одработи својот дел од работата. Тогаш Македонија нема веќе да биде терра инкогнита за светот.

*Н. Бејадин*